МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

IDSCS Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

# СПОРОТ ЗА ИМЕТО 2013

*- ставови на јавноста -*



Сашо Клековски | јануари, 2014 г.

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС)

**За издавачите**
Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС
Димче Митрески, извршен директор на МЦМС

Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС

**Автор**
Сашо Клековски

**Подготовка и корица**
МЦМС: Даниела Стојанова, Борис Ристовски

ISBN 978-608-4681-17-5

јануари 2014 г.

**Контакт**
**МЦМС** - адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
Тел. +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk; Веб-страница: www.mcms.mk.
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697; SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk

**ИДСЦС** – адреса: ул. „Крагуевачка“ бр. 2, 1000 Скопје;
Тел. +389/2/ 3094-760; е-пошта: contact@idscs.org.mk; Веб-страница: http://www.idscs.org.mk/;
Facebook: https://www.facebook.com/IDSCS

Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на МЦМС или ИДСЦС.

**МЦМС/ИДСЦС**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

# ПРЕДГОВОР

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија Социетас цивилис (ИДСЦС) се граѓански организации, посветени на демократскиот развој на Македонија и на европските политики и интеграции.

МЦМС во континуитет го поддржува правото на самоидентификација на Република Македонија.

Во 2004 г. заедно со други организации ја организира и учествуваше во кампањата „Кажи Македонија“ (Не ме Фиромирај). Во 2008 г. со заедничка изјава „И Македонија и НАТО“, МЦМС заедно со неколку организации повторно се произнесе сметајќи дека името е право на самоидентификација, а не спор.

По непоканувањето за членство во НАТО во 2008 г., како и по застојот во ЕУ-интеграциите од 2009 г., спорот за името Македонија станува главна пречка во евроатлантските интеграции на Македонија.

Во 2010 г. МЦМС за првпат спроведе истражување на јавното мислење во Македонија за спорот за името Македонија. Во 2011 г. МЦМС и ИДСЦС, водени од застојот на евроатлантските интеграции на Македонија и потребата за политики засновани на факти, спроведоа ново истражување за спорот за името Македонија.

На крајот на 2013 г. МЦМС и ИДСЦС спроведоа ново истражување, кое се состои од испитување на јавното мислење, како и интернет анкета со јавни и информирани личности. Резултатите се презентирани во овој извештај.

Истражувањето треба да придонесе кон поширока јавна дебата за спорот за името, во која ќе бидат вклучени сите релевантни чинители.

МЦМС
Александар Кржаловски
Димче Митрески

ИДСЦС
Владимир Мисев

# СПОРОТ ЗА ИМЕТО - 2013

**- Ставови на јавноста во Македонија -**

## СОДРЖИНА


**ПРЕДГОВОР ... 2**

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ... 4**

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ... 5**

**1. ВОВЕД ... 7**

**2. КРАТКА ИСТОРИЈА НА СПОРОТ ... 8**

**3. РЕШЕНИЕ ЗА СПОРОТ ... 10**

**4. ИЗЈАСНУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМ ... 15**

**5. ГРАДЕЊЕ НАЦИОНАЛЕН СТАВ ... 18**

**6. ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА ГРАЃАНИТЕ ... 20**

**7. ОЧЕКУВАЊА ЗА РЕШЕНИЕ НА СПОРОТ ... 23**

**8. ИНТЕРНЕТ АНКЕТА СО ЈАВНИ И ИНФОРМИРАНИ ЛИЧНОСТИ ... 26**

**ЗАКЛУЧОЦИ ... 27**

**ПРИЛОЗИ ... 29**

**Прилог 1. Прашалник ... 29**

**Прилог 2. Структура на примерокот - население ... 31**

**Прилог 3. Структура на примерокот – Јавни и информирани личности ... 31**

**Профили на издавачите ... 32**

**Белешка за авторот ... 32**

**Продолжи со читање ... 32**

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| ЕК / ЕУ | Европска комисија / Европска Унија |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| МЦМС | Македонски центар за меѓународна соработка |
| ИДСЦС | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје |
| ЈИЛ | Јавни и информирани личности |
| ООН | Организацијата на Обединетите нации |
| НАТО | Северноатлантска алијанса |
| САД | Соединети Американски Држави |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| УНПРЕДЕП | Превентивна мисија на Обединетите нации (United Nations Preventive Deployment Force) |
| УНПРОФОР | Заштитни сили на Обединетите нации (The United Nations Protection Force) |
| | |
| БО | без одговор |
| НЗ | не знам |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во извештајот „Спорот за името 2013 – ставови на јавноста во Македонија“ се прикажани резултатите од испитувањето на јавното мислење, кое МЦМС и ИДСЦС го спроведуваат по трет пат, по 2010 г. и 2011 г., а овој пат дополнет со интернет анкета со јавните и информирани личности.

Истражувањето се состоеше од испитување на јавното мислење, интернет анкета со јавни и информирани личности и преглед на литература. Испитувањето на јавното мислење е направено преку теренска анкета во периодот 15 ноември – 1 декември 2013 г. на репрезентативен примерок од 1.000 испитаници. Анкетата ја спроведе М-проспект. Интернет анкетата со јавни и информирани личности е спроведена со 17 личности. Автор на истражувањето е Сашо Клековски.

Извештајот е составен од вовед, вклучувајќи методологија, кратка историја за спорот, ставови на граѓаните за решение на спорот, изјаснување на референдум, градење национален став, фактори кои влијаат на граѓаните, очекувања за решение на спорот, како и наодите од интернет анкетата со јавни и информирани личности. На крај извештајот завршува со заклучоци.

Во пораст е ставот против каква било промена на името. Мнозинството граѓани (62,4 %) се против каква било промена на името (48,4 % во 2010 г. и 45,3 % во 2011 г). Тоа е потцртано и со ставот дека на големо мнозинство граѓани (70,3 %) не им е прифатлива ниту една географска одредница, како и со ставот дека на референдум 62,7 % би гласале против договорено име за севкупна употреба, а 58,4 % би гласале против и кога таквиот договор би стапил во членство кога Македонија ќе стане членка на ЕУ. Мнозинството кое е за никаква промена е поголемо меѓу етничките Македонци - 79,7 % се за никаква промена.

За разлика од приближувањето на ставовите меѓу етничките Македонци и етничките Албанци во 2011 г. сега постои одредено оддалечување. Ставовите на етничките Македонци и етничките Албанци во 2011 г. се приближуваа во однос на решението за спорот и поддршката на референдум. И во 2013 г. повеќето ставови остануваат во иста насока, на пример никаква промена е став на 23,4 % етнички Албанци и е најчест став, но поради порастот на таквиот став меѓу етничките Македонци од 57 % на 79,7 % се зголемува јазот меѓу етничките Македонци и етничките Албанци. Оддалечувањето е највидливо во ставовите за „зачувување на името“ наспроти „евроатлантските интеграции“, кои се од важност за сите, но при избор од тие два приоритети 64,9 % од етничките Македонци би избрале зачувување на името, а 68 % етнички Албанци би избрале евроатлантски интеграции.

Идентитетот продолжува да биде гранитна црвена линија, што се огледува и во ставот против било каква промена, но и во противењето на додефинирање во ООН на националноста/ државјанството (71,5 %) и на македонскиот јазик (73,6 %). Идентитетот е клучен фактор во спорот, и 53,8 % од граѓаните како главна пречка за решавање на спорот го гледаат неприфаќањето на Грција на реалноста за постоење на Македонија, Македонци и македонски јазик, а за 32,9 % од граѓаните главна закана е дека и ако се реши спорот за името, Грција ќе бара нови отстапки во идентитетот и јазикот.

Граѓаните согледуваат потреба за градење широк договор, а најодговорен за градење широк договор е Владата на Македонија. Мнозинство граѓани (66,3 %) од сите етнички и партиски припадности поддржува референдум за договор за името. Поддршката за референдум е во пораст од 2010 г. - 54,4 %, на 64 % во 2011 г. и 66,3% во 2013 г.

На референдум - против договорено име за севкупна употреба. Мнозинство граѓани (62,7 %) би гласале против предлогот Горна Република Македонија за севкупна употреба, додека помало мнозинство (58,4 %) би било против предлогот, и во моментот кога земјата ќе стане членка на ЕУ.

Интеграции во ЕУ/ НАТО и зачувување на името и со нив асоцираните закани се главните фактори кои влијаат на спорот за името. Околу 15 % од граѓаните не перципираат закана или ризик ниту во случај на застој во евроатлантските интеграции, ниту во постигнување на договор со Грција. Во случај на нерешавање на спорот како главни закани се доживуваат застој во евроатлантските интеграции, економски застој и влошување на меѓуетничките односи. Во случај на решение за спорот за името, како главни закани се доживуваат грчките барања за нови отстапки во идентитетот, раскол и тензии на предавници и патриоти, и дека ЕУ нема да ја прими Македонија поради застој во проширувањето. Се чини дека доживувањето на овие закани, како закани за опстанокот на нацијата, се главен двигател за одбивање договор со Грција.

Затворен е малиот прозорец за договор, грчката блокада го зголемува отпорот меѓу граѓаните. И додека во 2011 г. постоеја одредени надежи за мал прозорец за договор, делумно поврзан и со очекувањата од постапката пред Меѓународниот суд за правдата, во 2013 г. станува јасно дека таквиот прозорец се затвора. И покрај личните желби за постигнување договор во краток период, опаѓа оптимизмот дека е можно брзо решение. Показател на зголемениот песимизам е зголемување на ставот дека договор никогаш нема да се постигне и намалување на очекувањето за побрзо решавање на спорот. Граѓаните, без обѕир на одредени разлики, сметаат дека поголем дел од вината за нерешавање е во недоволното залагање на грчката страна. Порастот на противењето на каква било промена на името (никаква промена), како и порастот на ставот за зачувување на името, може да се поврзе со грчката блокада на евроатлантските интеграции, односно блокадата најверојатно го зголемува отпорот кон решение. Како резултат на тоа 44,9 % граѓани сметаат дека е потребно да се суспендираат или прекинат разговорите под покровителство на ООН.

За договор потребно е вклучување на премиерите на двете земји и на трета страна како САД, ЕУ и Германија.

# 1. ВОВЕД

Во извештајот Спорот за името 2013 – ставови на јавноста во Македонија се прикажани резултатите од испитувањето на јавното мислење, кое МЦМС и ИДСЦС го спроведуваат по трет пат, а овој пат дополнет со интернет анкета со јавните и информирани личности. Претходните два извештаи се издадени во 2010 г. и 2011 г. Извештаите иако сосредоточени на спорот со името, се засноваат на прашања актуелни во дадените временски периоди, па соодветно, формулацијата на одредени прашања се разликува во 2010 г., 2011 г. и 2013 г.

Извештајот е составен од вовед, вклучувајќи методологија, кратка историја за спорот, ставови на граѓаните за решение на спорот, изјаснување на референдум, градење на национален став, фактори кои влијаат на граѓаните, очекувања за решение на спорот, како и наодите од интернет анкетата со јавни и информирани личности, а завршува со заклучоци.

## 1.1. Методологија и пристап

Испитувањето на јавното мислење е спроведено со теренска анкета во домаќинствата во периодот 15 ноември – 1 декември 2013 г. на национален репрезентативен примерок од 1.000 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони. Целосен преглед на примерокот е даден во прилогот. Анкетата на јавното мислење, врз којашто се базира овој извештај, ја спроведе М-проспект, чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата.

За одредени прашања беше направена и интернет анкета со примерок од 17 јавни и информирани личности (ЈИЛ) во Република Македонија. Структурата на примерокот е во прилог.

## 1.2. Поими и дефиниции

Во извештајот се употребуваат поими, на пример за можните решенија кои се дефинирани во табела 1. Преглед на употребени формулации за решенија за името.

Македонија или Република Македонија во смисла на име на држава е употребуван за државата Република Македонија.

Националност е употребувана во смисла на припадност кон држава – државјанство, а не во смисла на етничка припадност. Во прашањето за дефинирање на националност во ООН тоа е појаснето со државјанство. И во заклучоците национално обединување е употребено во смисла на обединување на нацијата/ граѓаните.

## 1.3. Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со веројатност на точност од 95 % и со грешка +/- 3 %. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки.

Во извештајот незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 %, и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Во извештајот не се коментирани социо-демографските анализи за помалобројните етнички заедници и политичките партии со помалку симпатизери поради нивното мало учество во националниот примерок.

Во табелите и графиконите, со термините етнички Македонци, етнички Албанци итн. е означена етничката припадност на испитаниците. Со имињата на политичките партии се означени граѓаните симпатизери на соодветната политичка партија.

При обработката се земени предвид и резултатите за „не знам“ и „без одговор“. Но, во одредени табели и графикони не се прикажани овие резултати, поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Тоа е направено за потребите за поедноставно прикажување на резултатите.

## 1.4. Ограничувања на истражувањето

Ниту се јавно комуницирани, ниту МЦМС и ИДСЦС имаат сознанија за текот на разговорите под покровителство на ОН или пак за можните решенија. Единствените извори се медиумите. Извештајот не сугерира дека е постигнато решение, соодветно и можно решение и/ или решение се употребува за некое идно или можно решение. Сите примери се хипотетички зададени како илустрација на можните решенија.

# 2. КРАТКА ИСТОРИЈА НА СПОРОТ

## 2.1. Почеток на спорот и времената спогодба

Спорот за името Македонија станува видлив (актуелен) по независноста на Република Македонија во 1991 г. кога Грција се спротивставува на употребата на името Македонија од страна на Република Македонија, повикувајќи се на историски и територијални причини. Грција тогаш смета дека има ексклузивно право да го употребува името за својот регион Македонија и тамошните жители.

Иако Македонија, според Арбитражната комисија за поранешна Југославија, ги исполни условите за признавање на независноста (заедно со Словенија), Грција го блокира признавањето од страна на Европската Унија (ЕУ), како и приемот во Организацијата на Обединетите нации (ООН). На 27 јуни 1992 г., ЕУ (тогаш ЕЕЗ) под влијание на Грција во т.н. Лисабонска декларација понудила признавање „под име кои нема да го содржи зборот Македонија“. Покрај тоа, Грција во периодот 1992-1995 г. на двапати ја блокира грчко-македонската граница за каква било трговија, со цел да се изврши притисок врз Република Македонија. Во декември 1992 г. ООН воспостави, меѓу другите земји на поранешна Југославија и во Македонија, превентивна безбедносна мисија УНПРОФОР, која во 1995 г. е заменета со УНПРЕДЕП, која мандатот го завршува во 1999 г.

Грција изразила загриженост дека членовите 3 и 49 од Уставот на Македонија поттикнуваат територијални претензии. Со цел да се намали загриженоста од наводни територијални претензии, на 6 јануари 1992 г. Собранието на Македонија ги донесува амандманите I и II на Уставот со кои се изменуваат и дополнуваат членовите 3 и 49. На 7 април 1993 г., Советот за безбедност на ООН со Резолуцијата 817 одобри прием на Македонија во Обединетите нации, со препорака за државата да се употребува привремена референца „поранешната Југословенска Република Македонија“ за сите цели во рамките на ООН, сè до решавањето на разликите околу името. Генералното собрание со Резолуцијата 225 на 8 април 1993 г. ја прими Македонија како 181 членка на ООН. Привремената референца која е одраз на минатото на Македонија, започнува со мали букви, бидејќи не е име, туку описен поим и референцата не е меѓународно име, туку е во употреба само во ООН. За да се потврди тоа Македонија добива место за седење во ООН по буквата „т“ од „the former ...“.

На 18 јуни 1993 г. Советот за безбедност донесува Резолуцијата 845 со која се бара забрзување на решавањето на разликите, а генералниот секретар го именува Сајрус Венс за специјален претставник до 1995 г., од 1995 г. до денес оваа функција ја има Метју Нимиц.

На 13 септември 1995 г. Грција и Македонија склучија Времена спогодба, со која двете страни се согласуваат: Македонија да гарантира дека во преамбулата и во членовите 3 и 49 од Уставот нема територијални претензии и да го смени националното знаме (со сонцето од Вергина), Грција да не го блокира приемот на Македонија во меѓународни организации, а страните да ги продолжат разговорите за разликите под покровителство на ООН.

Од 1995 г. до 2008 г. посредникот Метју Нимиц предлага повеќе можни решенија кои се неприфатливи за една од двете страни.

## 2.2. Непоканувањето во НАТО и непочнување преговори за членство во ЕУ

На 3 април 2008 г. на Самитот на Северноатлантската алијанса (НАТО) во Букурешт, иако е поддржана од САД, Македонија не доби покана за членство поради вето од страна на Грција.

На 17 ноември 2008 г., Македонија започна процес пред Меѓународниот суд на правдата за кршење на обврските од Времената спогодба од страна на Грција, односно за блокирање на приемот на Македонија во НАТО. Судот на 5 декември 2011 г. пресудува дека: противејќи се на пристапувањето на Република Македонија во НАТО во периодот пред Самитот на НАТО во Букурешт од 2008 година, Грција ја прекршила Времената спогодба од 1995 година; од Грција се очекува дека нема повторно да го повреди меѓународното право (по дефиниција се претпоставува нејзината „добра верба“); Македонија и натаму може да го користи своето уставно име во односите со Грција и во рамките на меѓународните организации; и сите наводи на Грција дека Република Македонија ја прекршила Времена спогодба се отфрлени.

Во 2009 г. Македонија од ЕК доби препорака за отворање преговори за членство во ЕУ, но истовремено се бара „договорено и взаемно прифатливо решение за прашањето на името, под покровителство на ООН, останува есенцијално“. За Македонија од 2009 г. досега не се одредува датум за отворање на преговорите.

И покрај пресудата на Меѓународниот суд на правдата за кршење на обврските од Времената спогодба од страна на Грција, членството на Македонија во НАТО и ЕУ и понатаму е блокирано.

## 2.3. Сегашна состојба во спорот, позициите на Грција и Македонија

Македонија е примена под времената референца во сите меѓународни организации. Над 130 земји ја признаваат Македонија како „Република Македонија“, вклучувајќи и четири од пет постојани членки на ООН (со исклучок на Франција), а многу држави не ја употребуваат времената референца, додека еден дел немаат позиција/ интерес за ова прашање.

Оттука произлегува дека постоечката позиција е времена референца за меѓународните организации (времената референца го содржи зборот Македонија и одредницата ПЈР), а во меѓувладините службени билатерални односи повеќе земји го прифаќаат името Република Македонија, а дел ја користат времената референца.

Во разговорите водени под покровителство на ООН со посредништво на Метју Нимиц, повеќепати се разговарани различни можни решенија, но без успех. Според неформални извори, предлогот од 2008 г. е Република Македонија да остане службено име во Уставот (на македонски јазик), името на земјата во сите меѓународни организации (т.е. ОН, ЕУ, НАТО) да биде „Република Северна Македонија“; Советот за безбедност да предложи во меѓувладините службени односи со трети земји да се употребува името „Република Северна Македонија“. Името „Македонија“ само по себе не може да се користи од која било од двете страни како службено име на земјата или регионот, двете страни на неексклузивна основа за неслужбени цели може да употребуваат „Македонија“ и „македонски“. На пасошите се испишани двете имиња: Република Северна Македонија на англиски и француски јазик и Република Македонија на македонски јазик. Овој предлог може да се толкува како предлог кој натежнува кон име за меѓународна употреба. Натежнува, бидејќи покрај во меѓународните организации треба да се употребува и во билатералните односи, но иако Советот за безбедност може да препорача примена во билатералните односи, секоја земја има суверено право да одлучи под кое име ќе воспостави дипломатски односи[1]. Во 2009/11 година со повеќе средби на премиерите на Грција и на Македонија, Папандреу и Груевски, се прават напори за доближување на ставовите на двете земји околу разликите за името. Во октомври 2012 г. Грција понудува предлог Меморандум за разбирање кој меѓу другото предвидува решавање на спорот за името со одредница, и употреба на таквото име „ерга омнес: од сите од сите и за сите цели“. Пролета 2013 г. Метју Нимиц предлага „Горна Република Македонија“ за „најширока можна употреба“. Предлогот не е поддржан од Грција.

Позицијата на Грција од „едно име кое нема да го содржи зборот Македонија“ за сите употреби, еволуира во „едно име кое ќе го содржи зборот Македонија и географска одредница“ за сите употреби. Позицијата „erga omnes“ или за сите употреби се употребува двозначно за „сите меѓународни употреби“, вклучувајќи го пасошот, или пак за „сите употреби“, вклучувајќи внатрешна употреба. Грција во неколку прилики го одбила предлогот Република Македонија (Скопје) за меѓународна употреба.

Позицијата на Македонија за спорот е решение кое нема да го промени Уставот на Македонија со цел промена на уставното име и нема да го загрози македонскиот национален идентитет, засебноста на македонската нација и македонскиот јазик и граѓаните (со мнозинство) да се согласат со можното решение на референдум.

[1] Таков е примерот со Тајван, кој воспоставува дипломатски односи само под името Република Кина.

# 3. РЕШЕНИЕ ЗА СПОРОТ

Во делот за решенија за спорот истражувани се ставовите на граѓаните за елементите на решението: прифатливо име и опсег на употреба; географска одредница; именување на нацијата и јазикот; како и времето на влегување во сила на евентуалниот договор.

## 3.1. Прифатливост на одредници и опсег на употреба

За истражувањето на ставовите за прифатливо решение на спорот, од граѓаните е побарано да изберат две најприфатливи и едно целосно неприфатливо решение од можни **пет решенија.** Можните решенија се однесуваат на **опсегот на употребата** на компромисното име и се движат од една до друга крајна позиција, односно од позицијата на Грција „прифаќање **ново име** (со географска одредница) **за сите употреби**" до позицијата „Македонија не треба да прифати **никакви промени**".

**Табела 1 - Преглед на употребени формулации за решенија за името**

| Скратена форм. во извештајот | Формулација употребена во анкетата |
|---|---|
| **1. Ново име за сите употреби „ерга омнес"** | Решение за спорот е прифаќање ново име за сите употреби. |
| **2. Договорено име за (севкупна) меѓународна употреба** | Решение за спорот за името е употреба на договорено име во сите меѓународни комуникации, додека Република Македонија би било само за домашна употреба. |
| **3. Договорено име во меѓународните организации** | Решение за спорот за името е употреба на договорено име во меѓународните организации (ОН, НАТО, ЕУ и др.), додека другите земји би не ословувале по сопствен избор и договор. |
| **4. „Двојна формула"** | Решение за спорот е употреба на името Република Македонија во домашна и меѓународна комуникација, а Грција може да употребува друго име. |
| **5. Никаква промена** | Македонија не треба да прифати никаква промена. |

„Двојната формула" или „ирска формула" според Робин О´Нил е заснована на решението помеѓу Ирска и Велика Британија, според кое Ирска може да ја нарекува Велика Британија поинаку од службеното име. Меѓу позицијата на „ерга омнес" и на „двојната формула" се уште две решенија, договорено име во меѓународните организации или за севкупна меѓународна употреба. Договорено име за меѓународните организации кореспондира со сегашната позиција на употреба на времената референца и оваа опција всушност би значела промена на времената референца со трајно име. Секако, можни се различни варијации на овие две решенија. Двојната формула, вообичаено, како и во овој извештај ексклузивно се поврзува со едно решение. Во поширока смисла надвор од никаква промена и ново име за сите употреби, сите решенија се двојни формули со различен опсег – Република Македонија во внатрешна употреба и новото име во различен опсег на меѓународна употреба – од само за Грција, до сите.

Во табелата 2 се претставени ставовите на граѓаните за прво и второ најдобро и најмалку прифатливо решение во (декември) 2010 г., (септември) 2011 г. и (ноември) 2013 г. Мнозинство од граѓаните (62,4 %) е против било каква промена на името.

**Табела 2 - Прво и второ најдобро и најмалку прифатливо решение, 2010, 2011 и 2013 г. (во %)**

| | Прво најдобро | | | Второ најдобро | | | Најмалку прифатливо | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2013 | 2010 | 2011 | 2013 | 2010 | 2011 | 2013 |
| **Договорено име во меѓународните организации** | 12,3 | 19,2 | 10,3 | 11,0 | 21,3 | 15,7 | 7,6 | 15,7 | 17,7 |
| **„Двојна формула"** | 25,0 | 20,8 | 8,0 | 31,9 | 30,7 | 27,5 | 7,4 | 9,7 | 9,7 |
| **Никаква промена** | 48,4 | 45,3 | 62,4 | 16,1 | 20,1 | 10,3 | 15,7 | 15,6 | 5,2 |
| **Ново име за сите употреби „ерга омнес"** | 10,5 | 7,5 | 4,6 | 10,2 | 9,6 | 8,4 | 26,9 | 29,0 | 19,9 |
| **Договорено име за меѓународна употреба** | 2,9 | 5,1 | 5,5 | 3,7 | 7,8 | 7,4 | 25,2 | 20,8 | 19,7 |
| **Не знам / без одговор** | 1,0 | 2,0 | 9,2 | 27,0 | 10,5 | 30,7 | 17,1 | 9,6 | 27,8 |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |

Ставот „никаква промена" е во пораст во однос на 2011 г. кога изнесувал 45,3%.

**Табела 3 - Ставовите за решение на спорот, според етничка припадност, 2013 г. (во %)**

| | Прво најдобро | | Второ најдобро | | Најмалку прифат. | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Став** | Ет. Мак. | Ет. Алб. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | Ет. Мак. | Ет. Алб. |
| **Договорено име во меѓународните организации** | 6,0 | 20,3 | 15,5 | 16,8 | 16,9 | 16,8 |
| **„Двојна формула“** | 7,0 | 9,4 | 33,6 | 13,3 | 8,1 | 15,6 |
| **Никаква промена** | 79,7 | 23,4 | 9,3 | 9,8 | 3,4 | 9,8 |
| **Ново име за сите употреби „ерга омнес“** | 0,9 | 12,5 | 5,7 | 16,4 | 24,8 | 9,0 |
| **Договорено име за меѓународна употреба** | 2,1 | 14,1 | 4,5 | 15,2 | 20,1 | 18,8 |
| **Не знам / без одговор** | 4,3 | 20,3 | 31,5 | 28,5 | 26,7 | 30,1 |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |

Кај етничките Македонци е зголемена поддршката за никаква промена на 79,7 % од 57 % во 2011 г., додека тој став го поддржуваат 23,4 % од етничките Албанци, што е слично на нивото од 2011 г. кога изнесува 19,8 %. Еден од пет (20,3 %) етнички Албанци прифаќаат договорено име во меѓународните организации, во однос на 11,3 % во 2011 г., а нема зголемување на поддршката за ново име за сите употреби „ерга омнес“ која изнесува 12,5 %, колку што изнесува и во 2011 г. (12,3 %), по намалувањето во однос на 2010 г. (31,3 %).

Во табелата 4. се прикажани ставовите меѓу симпатизерите на политички партии. Мнозинство на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (83,9 %) и на СДСМ (61,8 %) имаат став за „никаква промена“, што претставува зголемување во однос на 2011 г. (кога изнесувале 63,5 %, односно 44,6 %).

**Табела 4 - Ставовите за најприфатлив став кај симпатизерите на политички партии, 2013 г. (%)**

| Најприфатлив став | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Договорено име во меѓународните организации** | 5,2 | 10,2 | 25,8 | **10,3** |
| **„Двојна формула“** | 5,2 | 10,8 | 8,6 | **8,0** |
| **Никаква промена** | 83,9 | 61,8 | 18,3 | **62,4** |
| **Ново име за сите употреби „ерга омнес“** | 0,9 | 4,5 | 7,5 | **4,6** |
| **Договорено име за меѓународна употреба** | 1,3 | 6,4 | 12,9 | **5,5** |
| **Не знам / без одговор** | 3,5 | 6,4 | 26,9 | **9,2** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Во основа ставовите на симпатизерите на политички партии ги следат ставовите на граѓаните по етничка припадност.

## 3.2. Прифатливост на географски одредници

Граѓаните беа прашани за прифатливоста на географските одредници, и тоа за најчесто споменуваните: северна, вардарска и горна, како и за една „славјано-албанска“ спомената од Грција, а во Македонија перципирана како навредувачка. Во претходните истражувања (2011, 2010 г.) граѓаните беа прашувани и за одредниците „Скопје“ и централна-балканска, но во истражувањето во 2013 г. не се вклучени поради нивната неактуелност. Исто така граѓаните се прашани за местото на одредницата во можното решение за името.

За големо мнозинство граѓани (70,3 %) не е прифатлива ниту една од понудените географски одредници, што е поврзано со ставот за никакви промени. Во 2011 г. ниту една одредница не е прифатлива за 44,6 % од граѓаните.

**Графикон 1 - Најприфатлива географска одредница за постигнување заемно прифатливо**




Иако и меѓу етничките Македонци и етничките Албанци најчест е ставот „ниту една не е прифатлива“, постои значајна разлика меѓу нив. Додека 88,1 % од етничките Македонци изјавиле „ниту една не е прифатлива“, тоа е став на 28,9 % од етничките Албанци. Овој став е зголемен во однос на 2011 г. и меѓу етничките Македонци и етничките Албанци, кога изнесувал 58,3 %, односно 14,3 %. Ставовите на симпатизерите на политички партии ги следат ставовите на граѓаните по етничка припадност.

**Табела 5 - Најприфатлива географска одредница за постигнување заемно прифатливо решение по етничка припадност и симпатизерство на политички партии**

| | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Северна** | 2,8 | 5,5 | 1,7 | 5,1 | 6,5 | **3,7** |
| **Горна** | 2,7 | 16,8 | 2,6 | 10,8 | 14,0 | **7,5** |
| **Вардарска** | 2,5 | 2,3 | 1,7 | 5,7 | 1,1 | **2,6** |
| **Славјано-албанска** | 0,7 | 22,3 | 0,9 | 1,9 | 20,4 | **6,2** |
| **Ниту една не е прифатлива** | 88,1 | 28,9 | 91,7 | 65,0 | 36,6 | **70,3** |
| **Не знам** | 1,9 | 19,5 | 0,4 | 8,3 | 17,2 | **7,5** |
| **Без одговор** | 1,2 | 4,7 | 0,9 | 3,2 | 4,3 | **2,2** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Ставовите за местото на географската одредница во можното заемно прифатливо решение се прикажани подолу, и со 70 % од граѓаните за кои ниту една варијанта не им е прифатлива одговараат на погоре изнесените ставови за прифатливоста на географска одредница.

**Графикон 2 - Најприфатлива варијанта за постигнување заемно прифатливо решение**



### 3.3. Прифатливост на (до)дефинирање на националност и јазик

По ставовите за опсегот и употреба на географска одредница на можното заемно прифатливо решение, истражувани се ставовите за дефинирање на националноста и јазикот.

Во графиконот 3. е прикажан ставот на граѓаните за прифаќање националноста/ државјанството да биде дефинирана во ООН, на пример како „граѓани на Република Горна Македонија".

**Графикон 3 – Прифатливост на „граѓани на Република Горна Македонија" и сл. дефинирана националност/ државјанство во ООН**




Големо мнозинство граѓани (71,5 %) не прифаќа националноста/ државјанството во ООН да биде дефинирано, на пример како „граѓани на Република Горна Македонија", слично како на ставот во 2011 г. кога тоа не го прифаќале 69,4 %.

Меѓу етничките Македонци и Албанци постојат разлики во ставовите за ова прашање, како и во 2011 г. кога изнесувале 86,6 % и 52,2 %.

**Табела 6 - Прифатливост на „граѓани на Република Горна Македонија" и сл. дефинирана националност/ државјанство во ООН по етничка припадност и симпатизерство на пол. партии**

| % | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 4,9 | 41,4 | 3,5 | 14,6 | 32,3 | **15,6** |
| **Не** | 88,4 | 31,3 | 89,6 | 72,6 | 40,9 | **71,5** |
| **НЗ/ БО** | 6,7 | 27,3 | 7,0 | 12,7 | 26,9 | **12,9** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Во графиконот 4. е прикажан ставот на граѓаните за прифаќање на додефинирање на јазикот во заграда, на пример како македонски јазик (официјален јазик на Република Горна Македонија).

**Графикон 4 - Прифатливост на додефинирање на јазикот во заграда на пример како „официјален јазик на Република Горна Македонија"**




Големо мнозинство граѓани (73,6 %) не прифаќа додефинирање на јазикот во заграда, на пример како македонски јазик (официјален јазик на Република Горна Македонија), слично како на ставот во 2011 г. кога тоа не го прифаќале 74 %.

Постојат разлики во ставовите за ова прашање меѓу етничките Македонци (88,4 %) и Албанци (40,6 %), како и во 2011 г. кога изнесувале 87 % и 35,8 %.

**Табела 7 - Прифатливост на додефинирање на јазикот во заграда по етничка припадност и симпатизерство на политички партии (во %)**

| | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 6,1 | 40,6 | 6,5 | 15,3 | 32,3 | **16,4** |
| **Не** | 88,4 | 38,7 | 89,6 | 73,9 | 52,7 | **73,6** |
| **НЗ/ БО** | 5,5 | 20,7 | 3,9 | 10,8 | 15,1 | **10,0** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

## 3.4. Време на стапување во сила на можниот договор

Дополнителен елемент на можното заемно прифатливо решение е времето на стапување во сила, каде граѓаните се прашани за нивниот став меѓу никогаш, веднаш и одложено во моментот на станување членка на ЕУ. Ставовите се прикажани во графиконот 5. Ставот „никогаш“ поради неприфатливост на промена на името е став на 56,1 % од граѓаните, што е пораст од 37,8 % во 2011 г.

**Графикон 5 - Најсоодветен момент да стапи во сила заемно прифатеното решение**




Ставот „никогаш“ е став на 72,5 % од етничките Македонци, што е зголемување во однос на 50,2 % во 2011 г.

**Табела 8 - Најсоодветен момент да стапи во сила заемно прифатеното решение по етничка припадност и симпатизерство на политички партии**

| | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Никогаш, не ми е прифатлива промена на името** | 72,5 | 16,8 | 76,5 | 52,9 | 20,4 | **56,1** |
| **Веднаш по договорот, независно од интеграциите во НАТО И ЕУ** | 10,1 | 42,2 | 7,8 | 21,7 | 31,2 | **19,1** |
| **Одложено, во моментот кога ќе станеме членка на ЕУ за да нема нови условувања** | 10,6 | 37,1 | 8,7 | 15,9 | 43,0 | **17,6** |
| **Не знам / без одговор** | 6,7 | 3,9 | 7,0 | 9,6 | 5,4 | **7,2** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

# 4. ИЗЈАСНУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМ

Според изјавите на повеќето клучни политички чинители во Македонија, решението за името ќе треба да биде поддржано од граѓаните на референдум.

Во графикон 6. се презентирани ставовите на граѓаните за поддршка на референдум. За референдум се 66,3 % од граѓаните и поддршката е во пораст, таа изнесувала 64,0 % во 2011 г. и 54,4 % во 2010 г.

**Графикон 6 - Дали е потребно граѓаните да се изјаснат на референдум за евентуалното решение за спорот за името?**




Референдумот е поддржан од сите социо-демографски групи. Поддршката за референдум е зголемена меѓу сите етнички групи.

**Табела 9 - Поддршка на референдум за името по етничка и по партиска основа (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 63,4 | 75,4 | 66,1 | 65,0 | 72,0 | **66,3** |
| **Не** | 29,4 | 13,7 | 25,7 | 28,7 | 15,1 | **24,6** |
| **Не знам/ без одговор** | 7,2 | 10,9 | 8,3 | 6,4 | 12,9 | **9,1** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Во графиконот 7. се претставени ставовите како би се изјасниле граѓаните на референдум.

**Графикон 7 - На референдум на кое е поставено следното прашање „Се согласувам со промена на името во Горна Република Македонија, за севкупна употреба“ како ќе гласате?**




Мнозинство граѓани (62,7 %) би гласале „не“ на референдум за Горна Република Македонија за севкупна употреба. Тоа е зголемување во однос на 2011 г. кога 58,4 % би гласале „не“ за Централна Балканска Република Македонија за севкупна меѓународна и билатерална употреба.

Со „не“ би гласало мнозинство (80 %) етнички Македонци, како и симпатизерите на ВМРО- ДПМНЕ и СДСМ. „Да“ би се изјасниле 46,5 % од етничките Албанци, слично како и во 2011 г. (48,8 %).

**Табела 10 - Согласност (на референдум) за промена на името Горна Република Македонија, за севкупна употреба по етничка припадност и симпатизерство на политичка партија (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 5,4 | 46,5 | 2,2 | 17,8 | 40,9 | **17,3** |
| Не | 80,0 | 22,7 | 86,1 | 59,2 | 32,3 | **62,7** |
| Нема да гласам | 11,2 | 12,9 | 8,7 | 15,9 | 17,2 | **11,9** |
| Не знам/ без одговор | 3,4 | 18,0 | 3,0 | 7,0 | 9,7 | **8,1** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Големо мнозинство од граѓаните за кои не е прифатлива промена на името (никаква промена), на референдум за промена на името ќе гласаат против. Кај оние граѓани кои се изјасниле за договорено име во меѓународните организации, поделен е ставот за или против промена на името, кога би се изјасниле на референдум.

**Табела 11 - Вкрстени ставови: изјаснување на референдум со најприфатливо решение**

| Став | Договорено име во меѓунар. орг. | „Двојна формула“ | Никаква промена | Ново име за сите употреби | Договорено име за меѓунар. употреба | НЗ | БО | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 38,8 | 28,8 | 4,5 | 65,2 | 54,5 | 24,0 | 23,8 | 17,3 |
| Не | 41,7 | 52,5 | 78,5 | 23,9 | 23,6 | 32,0 | 28,6 | 62,7 |
| Нема да гласам | 8,7 | 15,0 | 12,7 | - | 9,1 | 20,0 | 9,5 | 11,9 |
| Не знам | 9,7 | 3,8 | 2,7 | 6,5 | 9,1 | 20,0 | 23,8 | 5,8 |
| Без одговор | 1,0 | - | 1,6 | 4,3 | 3,6 | 4,0 | 14,3 | 2,3 |
| Вкупно | 10,3 | 8,0 | 62,4 | 4,6 | 5,5 | 5,0 | 4,2 | 100,0 |

За проценка на можното влијание на членството во ЕУ, поставено е прашање за изјаснување на референдум за договор за име поврзан со ЕУ членство, што е претставено во графикон 8.

**Графикон 8 – Согласност (на референдум) за промена на името во Горна Република Македонија, за севкупна употреба, кога земјата ќе стане членка на ЕУ**




Мнозинство граѓани (58,4%%) би гласале „не“ на референдум за Горна Република Македонија за севкупна употреба, кога земјата ќе стане членка на ЕУ.

**Табела 12 - Согласност (на референдум) за промена на името Горна Република Македонија, за севкупна употреба, кога земјата ќе стане членка на ЕУ по етничка припадност и симпатизерство на политичка партија (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 7,2 | 57,0 | 4,8 | 22,3 | 61,3 | **21,4** |
| Не | 76,9 | 13,3 | 83,5 | 58,0 | 14,0 | **58,4** |
| Нема да гласам | 12,4 | 13,3 | 8,7 | 12,7 | 16,1 | **12,4** |
| Не знам/ без одговор | 3,6 | 16,4 | 3,0 | 7,0 | 8,6 | **7,8** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Во графиконот 9. се претставени можните реакции на граѓаните на можен договор поддржан од големите политички партии и на спроведување референдум.

Најмногу граѓани (37,9 %) не би учествувале во никакви активности.

**Графикон 9 - Учество во партиски активности за референдум**




**Табела 13 - Учество во партиски активности за референдум по етничка основа и симпатизерство на политичка партија (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Не би учествувал во никакви активности** | 36,4 | 39,1 | 30,9 | 42,0 | 39,8 | 37,9 |
| **Зависи што е договорено** | 26,7 | 24,2 | 34,3 | 26,8 | 20,4 | 25,9 |
| **Самоорганизирани протести и др. ПРОТИВ договорот** | 15,2 | 3,1 | 13,9 | 14,0 | 6,5 | 11,4 |
| **Кампањи и мирни собири ЗА договорот** | 4,9 | 9,8 | 3,9 | 5,1 | 10,8 | 6,5 |
| **Самоорганизирано граѓанско насилство за одбрана на името** | 4,9 | 2,3 | 5,7 | 1,9 | 4,3 | 4,2 |
| **Би бојкотирал референдум** | 4,3 | 4,3 | 3,5 | 3,2 | 6,5 | 4,1 |
| **Не знам/ без одговор** | 7,5 | 17,2 | 7,8 | 7,0 | 11,8 | 10,0 |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |

## 5. ГРАДЕЊЕ НАЦИОНАЛЕН СТАВ

Понатаму е истражуван ставот на граѓаните за градење национален став.

**Графикон 10 - Постоење широк договор – консензус меѓу релевантните политичките партии за спорот за името**




Дека постои консензус е став на 35,5 %, а дека не постои е став на 54,6 %.

Ваквиот став, со одредени разлики, е споделен меѓу граѓаните од различна етничка припадност и симпатизери на политички партии.

**Табела 14 - Постоење широк договор – консензус меѓу релевантните политичките партии за спорот за името по етничка основа и симпатизерство на политичка партија (%)**

| Став | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Целосен консензус** | 9,7 | 10,9 | 10,9 | 7,0 | 10,8 | **9,7** |
| **Одреден консензус** | 27,3 | 17,2 | 31,3 | 26,1 | 11,8 | **25,7** |
| **Делумно не постои консензус** | 16,6 | 23,8 | 17,4 | 17,8 | 30,1 | **17,6** |
| **Воопшто не постои консензус** | 38,4 | 34,4 | 34,3 | 42,0 | 24,7 | **37,0** |
| **Не знам** | 6,9 | 12,1 | 6,1 | 5,1 | 21,5 | **8,6** |
| **Без одговор** | 1,2 | 1,6 | 0,0 | 1,9 | 1,1 | **1,4** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

**Графикон 11 - Потреба Македонија да изгради широк договор – консензус меѓу релевантните политичките партии, доколку не постои консензус**




Во потребата од консензус веруваат 73,2 % од граѓаните, кои сметаат дека не постои консензус или немале став на претходното прашање.

Ваквиот став е споделен меѓу граѓаните од различна етничка припадност и симпатизери на политички партии.

**Табела 15 - Потреба Македонија да изгради широк договор – консензус меѓу релевантните политичките партии, доколку не постои консензус по етничка припадност и (%)**

| Став | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 72,0 | 79,3 | 75,2 | 71,4 | 79,2 | **73,2** |
| **Не** | 10,4 | 3,3 | 11,3 | 7,6 | 4,2 | **8,0** |
| **Не знам** | 11,1 | 8,7 | 8,3 | 14,3 | 11,1 | **10,7** |
| **Без одговор** | 6,4 | 8,7 | 5,3 | 6,7 | 5,6 | **8,0** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Ставовите за одговорноста за градење на широк договор – консензус е презентиран во графикон 12. Мнозинство граѓани (52,4 %) ја сметаат Владата за најодговорна за градење на широк договор.

**Графикон 12 - Најодговорен за градење широк договор – консензус**




Владата е најодговорна за градење на широк договор за граѓаните од различна етничка припадност и симпатизери на политички партии.

**Табела 16 - Најодговорен за градење широк договор – консензус (%)**

| Став | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Влада на Македонија** | 50,6 | 57,8 | 42,2 | 60,5 | 59,1 | **52,4** |
| **Собранието на Македонија** | 28,5 | 15,2 | 34,8 | 19,7 | 17,2 | **25,0** |
| **Претседател на Републиката** | 10,1 | 21,5 | 14,8 | 10,2 | 16,1 | **13,5** |
| **Не знам** | 7,6 | 3,5 | 4,3 | 5,7 | 5,4 | **6,3** |
| **Без одговор** | 3,1 | 2,0 | 3,9 | 3,8 | 2,2 | **2,8** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

# 6. ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА ГРАЃАНИТЕ

Граѓаните се прашани за фактори кои влијаат на граѓаните во однос на спорот за името.

Граѓаните беа прашани за нивниот став при еднаква важност меѓу Македонија (името) и евроатлантските интеграции (НАТО, ЕУ), што е поважно за нив „зачувувањето на името и по цена тоа доведе до застој на евроатлантските интеграциите и да го намали економскиот развој“ или „евроатлантските интеграции (НАТО, ЕУ), за да се обезбеди перспективата на државата, дури и ако треба да се прифати компромис со Грција, кој не го загрозува македонскиот идентитет, културата и јазикот“.

Граѓаните се поделени во ставовите што им е поважно при еднаква важност на зачувување на името и ЕУ/ НАТО, а за зачувување на името се 49,9 %, што е зголемување во однос на 2011 г. кога таков став имале 39,6 %.

**Графикон 13 - НАТО/ ЕУ или зачувување на името на Република Македонија во 2013 и 2011 г.**




Околу ова прашање се јавуваат и етнички и партиски разлики. 64,9 % етнички Македонци се за зачувување на името, а 68 % од етничките Албанци се за ЕУ и НАТО. Разликата меѓу нив е зголемена во однос на 2011 г. кога таквите ставови биле 43,6 %, односно 53,2 %. Изборот на ЕУ и НАТО се намалил меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ на 9,1 % од 30,5 % во 2011 г., како и меѓу симпатизерите на СДСМ на 33,8 % од 40,6 %, а меѓу нив (СДСМ) станува доминантен ставот за зачувување на името со 38,2 % (34,7 % во 2011 г.).

**Табела 17 - НАТО/ ЕУ или зачувување на името на Република Македонија по етничка припадност и симпатизерство на политичка партија (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЕУ и НАТО се поважни и по цена на компромис** | 12,7 | 68,0 | 9,1 | 33,8 | 63,4 | **29,4** |
| **Зачувување на име и по цена на застој на евроатлантските интеграции** | 64,9 | 14,8 | 71,7 | 38,2 | 17,2 | **49,9** |
| **Не се согласувам со ниту една од наведените изјави** | 19,4 | 12,1 | 17,0 | 25,5 | 12,9 | **17,0** |
| **Не знам/ без одговор** | 3,0 | 5,1 | 2,2 | 2,5 | 6,5 | **3,7** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Големо мнозинство (80,4 %) од граѓаните кои се изјасниле дека им е поважно зачувување на името, на прашањето за решение се определиле за никаква промена. И кај граѓаните кои се изјасниле за евроатлантските интеграции, најзастапен е ставот за никаква промена (28,2 %), а втор застапен став за решение за името е „договорено име во меѓународни организации“ (18,7 %).

**Табела 18 - Вкрстени ставови за НАТО/ ЕУ или зачувување на името на Република Македонија со најприфатливо решение (%)**

| Ставови | Зачувување на име и по цена на застој | ЕУ и НАТО се поважни и по цена на компромис | Не се согласувам со ниту една | Не знам | Без одговор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Договорено име во меѓународните орг.** | 5,8 | 18,7 | 7,6 | 20,7 | - | **10,3** |
| **„Двојна формула“** | 5,8 | 11,6 | 8,8 | 6,9 | - | **8,0** |
| **Никаква промена** | 80,4 | 28,2 | 72,4 | 37,9 | 75,0 | **62,4** |
| **Ново име за сите упот.** | 1,0 | 11,2 | 4,1 | 3,4 | - | **4,6** |
| **Договорено име за меѓународна употреба** | 2,0 | 12,9 | 2,4 | 6,9 | 12,5 | **5,5** |
| **Не знам** | 2,2 | 9,9 | 3,5 | 10,3 | 12,5 | **5,0** |
| **Без одговор** | 2,8 | 7,5 | 1,2 | 13,8 | | **4,2** |
| **Вкупно** | 49,9 | 29,4 | 17,0 | 2,9 | 0,8 | **100,0** |

Граѓаните за главна причина за нерешавање на спорот го сметаат неприфаќањето од страна на Грција на реалноста за постоење на Македонија, Македонци и македонски јазик, кој е став на 53,8 % граѓани. Втора причина за граѓаните е непостоење интерес за решение кај големите сили (20,2 %), а за трета причина за нерешавање за граѓаните е во (македонскиот) национализам и крадење на античката историја од страна на Македонија (10,3 %).

**Графикон 14 - Главни причини за нерешавање на спорот**




Иако постојат разлики по етничка припадност и по симпатизерство на политички партии, постои согласност дека водечка причина за нерешавање на спорот е неприфаќање на Грција на реалноста за постоење на Македонија.

**Табела 19 - Главни причини за нерешавање на спорот**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Неприфаќање на Грција за постоење на Македонија** | 62,5 | 32,8 | 67,4 | 62,4 | 38,7 | **53,8** |
| **Национализам и крадење на античка историја** | 6,9 | 20,3 | 9,1 | 8,9 | 22,6 | **10,3** |
| **Пречки од соседите во регионот** | 5,7 | 11,7 | 5,2 | 4,5 | 7,5 | **7,1** |
| **Непостоење на интерес за решение кај големи сили** | 18,2 | 21,9 | 14,3 | 22,3 | 15,1 | **20,2** |
| **Не знам/ без одговор** | 6,7 | 13,3 | 3,9 | 1,9 | 16,1 | **8,6** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Главните закани, за граѓаните, ако не се реши спорот се претставени во графикон 15.

**Графикон 15 - Главни закани/ ризици ако не се реши спорот**




Најголем ризик за граѓаните е застој во евроатлантските интеграции, што како ризик го согледуваат 32,3 % од граѓаните, што е намалување од 38,4 % во 2011 г. Намалена е и перцепцијата на ризик од економски развој на 26,1 % од 31,7 % во 2011 година, а зголемена е перцепцијата на ризик од влошување на меѓуетничките односи на 23,7 % од 13,8 % во 2011 г.

Ставовите за ризиците ако не се реши спорот се споделени по етничка припадност и по партиско симпатизерство.

**Табела 20 - Главни закани/ ризици ако не се реши спорот по етничка основа и симпатизерство на политичка партија (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Застој во евроатлантските интеграции (ЕУ, НАТО)** | 29,6 | 40,6 | 32,6 | 31,2 | 49,5 | **32,3** |
| **Економски застој** | 27,2 | 21,5 | 23,5 | 28,7 | 16,1 | **26,1** |
| **Влошување на меѓуетнички односи** | 21,8 | 31,6 | 23,0 | 22,9 | 26,9 | **23,7** |
| **Нема ризици** | 12,8 | 0,8 | 11,3 | 12,1 | 0,0 | **9,7** |
| **Друго** | 2,1 | 2,7 | 1,3 | 1,9 | 5,4 | **2,3** |
| **Не знам/ без одговор** | 6,6 | 2,7 | 8,3 | 3,2 | 2,2 | **5,9** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Во графикон 16. се претставени главните закани ако се реши спорот со договор со Грција. Најголема закана во случај на договор со Грција за граѓаните е нови отстапки во идентитетот кои ќе ги бара Грција (32,9 %), што е опаѓање од 40,4 % во 2011 г.

**Графикон 16 - Главни закани/ ризици ако се реши спорот со договор со Грција**




На другата страна се засилила перцепцијата за закана дека ЕУ нема да не прими поради намален на интерес за проширување која е зголемена на 12,8 % од 6,8 % во 2011 г.

Перцепцијата за ризик од нови барања од Грција е појака меѓу етничките Македонци (42,2 %) и е на слично ниво со 2011 г. (45,6 %).

**Табела 21 - Главни закани/ ризици ако се реши спорот со договор со Грција по етничка основа и симпатизерство на политичка партија**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЕУ нема да не прими бидејќи не сакаат нови членови од Балканот** | 12,5 | 14,1 | 10,4 | 12,7 | 15,1 | **12,8** |
| **Нема ризици** | 14,2 | 19,9 | 11,3 | 17,2 | 17,2 | **16,4** |
| **Ќе има раскол, тензии и судири на предавници и патриоти** | 16,3 | 28,1 | 20,4 | 15,9 | 19,4 | **20,0** |
| **Грција ќе бара нови отстапки во идентитетот и јазикот дури не го уништи македонскиот идентитет** | 42,2 | 14,1 | 46,5 | 32,5 | 20,4 | **32,9** |
| **Друго** | 3,1 | 4,3 | 0,9 | 3,8 | 7,5 | **3,6** |
| **Не знам/ без одговор** | 11,6 | 19,5 | 10,4 | 17,8 | 20,4 | **14,3** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

# 7. ОЧЕКУВАЊА ЗА РЕШЕНИЕ НА СПОРОТ

Во графиконот 17. се прикажани одговорите на граѓаните за колку време сакаат да се реши спорот, односно за колку време мислат дека ќе се реши спорот.

Мнозинството граѓани (54,6 %), како и во 2011 г. (58 %) сакаат решение за една година, но најмногу (29,4 %), како и во 2011 г. (24,2 %) мислат дека спорот нема да се реши никогаш.

**Графикон 17 - Лична желба и очекување за решение на спорот со името (%)**




Очекувањата за решение во краток период (за една година) е намален на 9,6 % од 26,9 % во 2011 г., а намалено е и очекувањето за решение на средни патеки на 27,5 % од 33,4 % во 2011 г. На другата страна зголемени се очекувањата за долгорочно решение, како и „никогаш“ на 29,4 % од 24,2 % во 2011 г.

**Табела 22 - Очекување за решение на спорот со и-мето по етничка припадност и симпатизерство на политичка партија (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **За една година** | 9,4 | 11,3 | 9,1 | 10,8 | 7,5 | **9,6** |
| **За две до пет години** | 22,8 | 39,8 | 29,1 | 26,1 | 36,6 | **27,5** |
| **За шест до 10 години** | 19,7 | 25,0 | 22,6 | 15,3 | 32,3 | **21,5** |
| **Никогаш** | 35,1 | 16,0 | 26,5 | 37,6 | 15,1 | **29,4** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Во графикон 18. се претставени ставовите за искреноста на страните да најдат решение.

**Графикон 18 - Верба во искреноста на страните да најдат решение**




Мнозинството симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ (59,1 %) и повеќето етнички Македонци (47,8 %) мислат дека само македонската страна искрено се залага да најде решение. Мнозинството етнички Албанци (50,5 %) и повеќето симпатизери на СДСМ (44,6 %) мислат дека двете држави подеднакво не се залагаат. Дека само грчката страна искрено се залага мислат 0,6 % од граѓаните.

**Табела 23 - Верба во искреноста на страните да најдат решение**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Двете држави искрено се залагаат** | 12,2 | 18,8 | 13,5 | 12,1 | 18,3 | **13,8** |
| **Само македонската страна се залага** | 47,8 | 12,5 | 59,1 | 29,3 | 17,2 | **37,3** |
| **Само грчката страна се залага** | 0,6 | 0,8 | 0,4 | 1,3 | 2,2 | **0,6** |
| **Двете држави подеднакво не се залагаат** | 31,5 | 52,3 | 19,6 | 44,6 | 50,5 | **37,3** |
| **Не знам/ без одговор** | 7,9 | 15,6 | 7,4 | 12,7 | 11,8 | **11,0** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Како трета страна која најмногу може да придонесе за решавање на спорот граѓаните ги сметаат САД (30,6 %) и ЕУ (22 %).

**Графикон 19 - Трета страна (земја или меѓународна организација), која може најмногу да придонесе за решавање на спорот**



**Табела 24 - Трета страна (земја или меѓународна организација), која може најмногу да придонесе за решавање на спорот по етничка основа и партиско симпатизерство (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **САД** | 29,6 | 31,6 | 30,9 | 29,9 | 29,0 | **30,6** |
| **ЕУ** | 18,8 | 33,2 | 18,3 | 21,7 | 30,1 | **22,0** |
| **ООН** | 15,1 | 19,9 | 16,5 | 12,7 | 25,8 | **16,1** |
| **Германија** | 9,9 | 4,3 | 10,9 | 7,6 | 0,0 | **8,1** |
| **Русија** | 3,7 | 0,0 | 3,9 | 5,1 | 0,0 | **3,1** |
| **Друга** | 4,0 | 3,9 | 4,8 | 7,0 | 6,5 | **4,3** |
| **Никоја** | 13,1 | 1,6 | 10,0 | 9,6 | 1,1 | **9,7** |

Разговорите за името да продолжат во иста форма сметаат 22,0 % од граѓаните, а мнозинство очекуваат одредена промена. На една страна, 31,8 % граѓаните сметаат дека треба да се вклучат премиерите (на Македонија и Грција) во разговорите за името, на друга страна 37,4 % од граѓаните се за суспензија или прекин на разговорите за името.

**Графикон 20 - Како треба да продолжат да се одвиваат разговорите за името**




Мнозинството симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ (50 %) и повеќето етнички Македонци (44,9 %) сметаат дека разгово-рите за името треба да се суспендираат или прекинат. Повеќето етнички Албанци (44,1 %) и повеќе симпатизери на СДСМ (36,9 %) сметаат дека треба да се вклучат премиерите во разговорите.

**Табела 25 - Како треба да продолжат да се одвиваат разговорите за името по етничка основа и партиско симпатизерство (%)**

| Став | Етн. Македонци | Етн. Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да се вклучат премиерите** | 26,3 | 44,1 | 24,8 | 36,9 | 41,9 | **31,8** |
| **Да продолжат во иста форма** | 20,0 | 28,1 | 17,4 | 20,4 | 36,6 | **22,0** |
| **Да се суспендираат додека Грција не почитува пресуда на Хаг** | 22,2 | 12,1 | 27,0 | 15,9 | 5,4 | **19,2** |
| **Да се прекинат** | 22,7 | 8,6 | 23,0 | 15,9 | 7,5 | **18,2** |
| **Не знам** | 7,5 | 6,3 | 7,0 | 8,3 | 6,5 | **7,3** |
| **Без одговор** | 1,3 | 0,8 | 0,9 | 2,5 | 2,2 | **1,5** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

## 8. ИНТЕРНЕТ АНКЕТА СО ЈАВНИ И ИНФОРМИРАНИ ЛИЧНОСТИ

Во рамките на истражувањето, покрај теренската анкета, беше спроведена и интернет анкета со јавните и информирани личности. Целта на оваа анкета беше да се проверат ставовите на јавните и информирани личности и споредат со тие на општата јавност. Интернет анкетата е спроведена во декември 2013 година, на примерок од 17 јавни и информирани личности.

Во однос на решението на спорот, меѓу ЈИЛ има одредена поддршка (35,2 %) за решение за спорот со договорено име во меѓународните организации, поделен став за одредницата, а најприфатливо (41 %) би било одредницата да биде по името, на пр. Република Македонија (Горна). За 65 %, не е прифатливо додефинирање на националноста, додека за 59 % е прифатливо додефинирање на македонскиот јазик. Големо мнозинство од 82 % сметаат дека најдобро е евентуалниот договор да стапи на сила во моментот кога ќе станеме членка на ЕУ за да нема нови условувања.

ЈИЛ со 59 % го поддржуваат одржувањето референдум, но само 18 % би гласале за име за севкупна употреба, а 29 % би гласале за договор кој би стапил во сила кога земјата ќе стане членка на ЕУ.

Во однос на градење национален став, големо мнозинство на ЈИЛ од 94 % сметаат дека има потреба од градење широк договор, за кој 65 % сметаат дека е одговорна Владата на Македонија.

Во однос на фактори кои влијаат, повеќето ЈИЛ би прифатиле компромис со Грција, за да со евроатлантските интеграции се обезбеди перспективата на земјата, доколку тој компромис не го загрозува македонскиот идентитет, јазик и култура. И за ЈИЛ, со 47 % главна причина за нерешавање на спорот е неприфаќањето на реалноста од страна на Грција за постоење на македонски етнички идентитет, култура и јазик. Во однос на заканите доколку не се реши спорот ЈИЛ имаат слични ставови како и граѓаните, а за главен ризик доколку се реши спорот и тоа за 71 % е расколот, тензии и судирите „предавници и патриоти".

Во однос на посакуваниот рок за решение, како и за очекуваниот, ЈИЛ имаат слични ставови како и граѓаните. Слични се и очекувањата која трета страна најмногу може да придонесе за решавање на спорот и тоа се САД (41 %), ЕУ (37 %), Германија (16 %), Велика Британија (4 %). ЈИЛ имаат пониски очекувања од 4 % од ООН од граѓаните. Тоа пак е во контраст со ставот на 29 % од ЈИЛ дека разговорите со Грција треба да продолжат во сегашниот формат. 35 % од ЈИЛ мислат дека треба да се вклучат премиерите во разговорите, а 24 % сметаат дека разговорите треба да се суспендираат или прекинат.

# ЗАКЛУЧОЦИ

## Во пораст е ставот против каква било промена на името

Мнозинството граѓани (62,4 %) се против каква било промена на името, што е пораст од 48,4 % во 2010 г. и 45,3 % во 2011 г. Тоа е потцртано и со ставот дека на големо мнозинство на граѓани (70,3 %) не им е прифатлива ниту една географска одредница, како и со ставот дека на референдум 62,7 % би гласале против договорено име за севкупна употреба, а 58,4 % би гласале против и кога таквиот договор би стапил во сила кога Македонија ќе стане членка на ЕУ. Мнозинството кое е за никаква промена е поголемо меѓу етничките Македонци - 79,7 % се за никаква промена.

## По приближувањето на ставовите меѓу етничките Македонци и етничките Албанци во 2011 г. сега постои одредено оддалечување

Етничките разлики односно ставовите на етничките Македонци и етничките Албанци во 2011 г. се приближуваа во однос на решението за спорот и поддршката на референдум. И во 2013 г. повеќето ставови остануваат во иста насока, на пример никаква промена е став на 23,4 % етнички Албанци и е најчест став, но поради порастот на таквиот став меѓу етничките Македонци од 57 % на 79,7 % се зголемува јазот во ставовите меѓу етничките Македонци и етничките Албанци.

Оддалечувањето е највидливо во ставовите за „зачувување на името" наспроти „евроатлантските интеграции", кои се од важност за сите, но при избор од тие два приоритети 64,9 % од етничките Македонци би избрале зачувување на името, а 68 % етнички Албанци би избрале евроатлантски интеграции.

Ваквиот јаз веројатно е перципиран како зголемен ризик од влошување на меѓуетничките односи, која перцепција на ризик е зголемена на 23,7 % од 13,8 % во 2011 г.

Од друга страна, етничките Албанци имаат ставови за причините за нерешавање на спорот – неприфаќање на Грција за постоење на Македонија (32,8 %) и непостоење на интерес за решение кај големите сили (21,9 %), кои се во иста насока со ставовите на етничките Македонци. Како резултат на тоа само 0,8 % етнички Албанци сметаат дека само грчката страна се залага за решение. Етничките Албанци ја споделуваат перцепцијата дека спорот за името нема да се реши на кратки патеки, но не го споделуваат ставот дека разговорите со Грција треба да се суспендираат или прекинат, напротив повеќе етнички Албанци (44,1 %) очекуваат подигање на нивото на разговорите со вклучување на премиерите на двете земји. Од тоа може да се заклучи дека главното очекување на етничките Албанци во насока на евроатлантските интеграции е поголема активност на повисоко ниво во барањето решение за спорот.

## Идентитетот продолжува да биде гранитна црвена линија

Идентитетот продолжува да биде гранитна црвена линија, што се огледува и во ставот против било каква промена, но и во противењето на додефинирање во ООН на националноста/ државјанството (71,5 %) и на македонскиот јазик (73,6 %).

Идентитетот е клучен фактор во спорот, и 53,8 % од граѓаните како главна пречка за решавање на спорот го гледаат неприфаќањето на Грција на реалноста за постоење на Македонија, Македонци и македонски јазик, а за 32,9 % од граѓаните главна закана е дека и ако се реши спорот за името Грција ќе бара нови отстапки во идентитетот и јазикот.

## Очекување за градење широк договор

Граѓаните согледуваат потреба за градење на широк договор, а најодговорен за градење на широк договор е Владата на Македонија.

Мнозинство граѓани (66,3 %) од сите етнички и партиски припадности поддржува референдум за договор за името**.** Поддршката за референдум е во пораст од 2010 г. - 54,4 %, на 64 % во 2011 г. и 66,3% во 2013 г.

### На референдум - против договорено име за севкупна употреба

Мнозинство граѓани (62,7 %) би гласале против предлогот Горна Република Македонија за севкупна употреба, а малку помало мнозинство (58,4 %) би било против предлогот, и во моментот кога земјата ќе стане членка на ЕУ.

### Интеграции во ЕУ/ НАТО и зачувување на името и со нив асоцираните закани се главите фактори кои влијаат на спорот за името

„Зачувување на името“ наспроти „евроатлантските интеграции“, кои се од важност за сите, како и со нив асоцираните закани се главните фактори кои влијаат на спорот за името. Околу 15 % од граѓаните не перципираат закана или ризик ниту во случај на застој во евроатлантските интеграции, ниту во постигнување на договор со Грција. Во првиот случај на нерешавање на спорот како главни закани се доживуваат застој во евроатлантските интеграции, економски застој и влошување на меѓуетничките односи. Во вториот случај на решение за спорот за името, како главни закани се доживуваат грчките барања за нови отстапки во идентитетот, раскол и тензии на предавници и патриоти, и дека ЕУ нема да ја прими Македонија поради застој во проширувањето. Се чини дека доживувањето на овие закани кои за закани за опстанокот на нацијата се главен двигател во одбивање договор со Грција. Стравот од нови грчки барања е заснован на искуството: Грција на трипати досега (1991/92; 1994/95 и 2008 г.), користи трговски и политички блокади за да изврши притисок за промена на Уставот, знамето итн., како и фактот дека Грција ја прекршува времената спогодба и не ја почитува пресудата на Меѓународниот суд.

### Затворен малиот прозорец за договор, грчката блокада го зголемува отпорот меѓу граѓаните

И додека во 2011 г. постоеја одредени надежи за мал прозорец за договор, делумно поврзан и со очекувањата од постапката пред Меѓународниот суд за правдата, во 2013 г. станува јасно дека таквиот прозорец се затвора. И покрај личните желби за постигнување договор во краток период, опаѓа оптимизмот дека е можно брзо решение. Показател на зголемениот песимизам е зголемување на ставот дека договор никогаш нема да се постигне и намалување на очекувањето за побрзо решавање на спорот.

Граѓаните, без обѕир на одредени разлики, сметаат дека поголем дел од вината за нерешавање е во недоволното залагање на грчката страна.

Порастот на противењето на каква било промена на името (никаква промена), како и порастот на ставот за зачувување на името, може да се поврзе со грчката блокада на евроатлантските интеграции, односно блокадата најверојатно го зголемува отпорот кон решение. Како резултат на тоа 44,9 % граѓани сметаат дека е потребно да се суспендираат или прекинат разговорите под покровителство на ООН.

### За договор потребно е вклучување на премиерите на двете земји и на трета страна како САД, ЕУ и Германија

Справување со двете закани, таа од нови отстапки и таа од раскол се предуслов за јакнење на поддршка на договор.

За стравувањето од нови барања на Грција, бидејќи е тешко да се очекува Грција директно да ја признае македонската нација (идентитет, култура и јазик), можно решение е предлогот од Гералд Кнаус од Европската иницијатива за стабилност (ЕСИ). Решението е можниот договор меѓу Грција и Македонија да стапи во сила на денот на прием на Македонија во ЕУ (во НАТО би била примена под времената референца). На тој начин, Грција од кочничар би станала промотор на македонското членство, а Македонија би знаела дека нема да има нови пречки на патот кон ЕУ, без разлика дали тие се поставени од Грција или од земји кои се спротивставуваат на проширувањето (можен референдум во Франција или вета од земји со влијание на екстремната десница).

Второто стравување од раскол може да се надмине со примена на „рамковен модел“, односно можниот договор со Грција писмено да биде одобрен од сите главни политички партии.

За договор со Грција потребно е вклучување на премиерите на двете земји и на трета страна како САД, ЕУ и Германија.

# ПРИЛОЗИ

## ПРИЛОГ 1. ПРАШАЛНИК

**П1. Според вас, дали во Македонија постои широк договор – консензус меѓу релевантните политичките партии за спорот за името? Постои:**

1. Целосен консензус / 2. Одреден консензус / 3. Делумно не постои консензус / 4. Воопшто не постои консензус

Не знам / Без одговор (не читај)

**П2. Ако не постои консензус (П1=3 или П1=4), дали е потребно Македонија да изгради широк договор – консензус меѓу релевантните политичките партии?**

1. Да / 2. Не / Не знам / Без одговор

**П3. Кој е најодговорен за градење на широк договор – консензус? (само еден одговор)**

1. Владата на Македонија / 2. Претседателот на Републиката / 3. Собранието на Македонија

Не знам / Без одговор (не читај)

**П4. Како треба да продолжат да се одвиваат разговорите за името? (само еден одговор)**

1. Треба да продолжат во иста форма (под покровителство на ООН и со медијаторство на Нимиц).
2. Разговорите треба да се одржуваат на највисоко ниво со вклучување на премиерите на Македонија и Грција.
3. Треба да се суспендираат – замрзнат, до одлуката на Грција дали ќе ја почитува пресудата од Хаг и привремената спогодба
4. Треба да се прекинат и Македонија да се повлече од привремената спогодба

Не знам / Без одговор (не читај)

**П5. Ќе Ви прочитам некои изјави кои се слушаат во јавноста за решавање на проблемот со името.**

1.1. Ве молам изберете изјава, која најдобро го одразуваат Вашиот став.
1.2. Ве молам изберете втора изјава, која најдобро го одразуваат Вашиот став.
1.3. Ве молам изберете изјава која најмалку го одразува Вашиот став.

**Изјави:**

1. Решение за спорот за името е употреба на договорено име само во меѓународните организации (ОН, НАТО, ЕУ и др.), додека државите во билатералните односи би не ословувале по сопствен избор и договор [договорено име во меѓународни организации].
2. Решение за спорот е употреба на името Р. Македонија во домашна и меѓународна комуникација, а Грција може да употребува друго име [двојна формула].
3. Македонија не треба да прифати никаква промена [никаква промена].
4. Решение за спорот е прифаќање на едно ново уставно име за сите употреби [ново име за сите употреби - „ерга омнес“].
5. Решение за спорот за името е употреба на договорено име во севкупна меѓународна и билетарална употреба, додека Р. Македонија би било само за домашна употреба [договорено име за севкупна меѓународна употреба].

Не знам / Без одговор (не читај)

**П6. Која придавка/додавка би била најприфатлива за постигнување на заемно прифатливо решение:**
**(само еден одговор)**

1. Северна / 2. Горна / 3. Вардарска / Вардар / 4. Славјано – албанска / 5. Ниту една не е прифатлива

Не знам / Без одговор (не читај)

**П7. Која варијанта би била најприфатлива за постигнување на заемно прифатливо решение:**
**(само еден одговор)**

1. Со придавка пред Република Македонија пр. Горна Република Македонија
2. Со придавка по Република, а пред Македонија пр. Република Горна Македонија
3. Со додавка по Република Македонија пр. Република Македонија (Горна)
4. Ниту една не е прифатлива

Не знам / Без одговор (не читај)

**П8. Дали би прифатиле националноста/државјанството во ООН да биде дефинирано на пример како „граѓани на Република Горна Македонија“?**

1. Да / 2. Не / Не знам / Без одговор

**П9. Дали би прифатиле македонскиот јазик да биде додефиниран во заграда на пример како „македонски јазик (официјален јазик на Република Горна Македонија)“?**

1. Да / 2. Не / Не знам / Без одговор

**П10. Кога е најсоодветно да стапи во сила заемно прифатеното решение? САМО ЕДЕН ОДГОВОР**

1. Веднаш по договорот, независно од НАТО И ЕУ интеграциите
2. Одложено, во моментот кога ќе станеме членка на ЕУ за да нема нови условувања
3. Никогаш, бидејќи не ми е прифатлива промена на името

Не знам / Без одговор (не читај)

**П11. Дали е потребно граѓаните да се изјаснат на референдум за евентуалното решение за спорот за името?**

1. Да / 2. Не / Не знам / Без одговор

**П12. На референдум на кое е поставено следното прашање „Се согласувам со промена на името во Горна Република Македонија, за севкупна употреба" како ќе гласате?**

1. Да / 2. Не / 3. Нема да гласам / Не знам / Без одговор (не читај)

**П13. На референдум на кое е поставено следното прашање „Се согласувам со промена на името во Горна Република Македонија, за севкупна употреба, кога земјата ќе стане членка на ЕУ" како ќе гласате?**

1. Да / 2. Не / 3. Нема да гласам / Не знам / Без одговор (не читај)

**П14. Која од овие две изјави е најблиску до вашиот сопствен став/уверување?**

1. Секако дека и Македонија (името) и евроатлантските интеграции (НАТО, ЕУ) се важни. Но, ако би требало да избирам меѓу нив, би го сметал за поважно зачувувањето на името и по цена тоа да доведе до застој на евроатлантските интеграции и можеби негативно да влијае на економскиот развој
2. Секако дека и Македонија (името) и евроатлантските интеграции (НАТО, ЕУ) се важни. Но, ако би требало да избирам меѓу нив, би ги сметал за поважни евроатлантските интеграции (НАТО, ЕУ), за да се обезбеди перспективата на државата, дури и ако треба да се прифати компромис со Грција, кој не го загрозува македонскиот идентитет, култура и јазикот
3. Не се согласувам со ниту една од наведените изјави (не читај) / Не знам / Без одговор (не читај)

**П15. За колку време Вие лично сакате да се реши спорот со името?**

1. За една година / 2. 2-5 години / 3. Неодредено, за колку време ќе биде потребно разумен договор
4. Никогаш / Не знам / Без одговор (не читај)

**П16. За колку време Вие мислите дека ќе се реши спорот со името?**

1. За една година / 2. 2-5 години / 3. 6-10 години / 4. Никогаш / Не знам / Без одговор (не читај)

**П17. Кои се главните причини за нерешавање на спорот? (само еден одговор)**

1. Неприфаќањето од страна на Грција на реалноста за постоење на Македонија, Македонци и македонски јазик
2. Национализмот и крадењето на античката историја од страна на Македонија
3. Пречки од соседите во регионот
4. Непостоење на интерес за решение кај големите сили (САД, ЕУ)

Не знам / Без одговор (не читај)

**П18. Дали верувате во искреноста на страните да најдат решение?**

1. Верувам дека и двете држави искрено се залагаат за изнаоѓање решение
2. Верувам дека само македонската страна искрено се залага за решение
3. Верувам дека само грчката страна искрено се залага за решение
4. Верувам дека и двете држави подеднакво не се залагаат за изнаоѓање решение

Не знам / Без одговор (не читај)

**П19. Според вас, која трета страна (земја или меѓународна организација) сметате дека може најмногу да придонесе за решавање на спорот?** (само еден одговор)

**П20. Кои се главните закани/ризици ако не се реши спорот? (само еден одговор)**

1. Застој во евроатлантски интеграции (ЕУ, НАТО) / 2. Влошување на меѓуетнички односи
3. Економски застој 4. Друго (не читај) / 5. Нема ризици (не читај) / Не знам / Без одговор (не читај)

**П21. Дали има закани/ризици ако се реши спорот со договор со Грција?** (само еден одговор)

1. Грција ќе бара нови отстапки во идентитетот и јазикот дури не го уништи македонскиот идентитет
2. ЕУ нема да не прими, бидејќи не е многу заинтересирана за понатамошно проширување
3. Ќе има раскол, тензии и судири на „предавници и патриоти"
4. Друго (не читај) / 5. Нема ризик (не читај) / Не знам / Без одговор (не читај)

**П22. Доколку големите партии го поддржат евентуалниот договор и се спроведе референдум, дали би учествувале во:** (само еден одговор)

1. Кампањи и мирни собири за поддршка на договорот со Грција и гласање на референдум ЗА договорот
2. Самоорганизирани протести и други мирни облици на кои би бил поддржано зачувување на името и гласање на референдум ПРОТИВ договорот
3. Самоорганизирано граѓанско насилство (насилни демонстрации/ напади на институции) за ОДБРАНА на името / да се СПРЕЧИ промена на името
4. Би го бојкотирал референдумот
5. Зависи што е договорено/колку сум (не)задоволен од договорот
6. Не би учествувал во никакви активности / Не знам / Без одговор (не читај)

# ПРИЛОГ 2. СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ - НАСЕЛЕНИЕ

Примерокот за теренската анкета опфати 1.000 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериумите за репрезентативноста беа: пол, возраст, етничка припадност, место на живеење и региони.

| Пол | % |
|---|---|
| Маж | 48,9 |
| Жена | 51,1 |
| Возраст | |
| Од 18 до 29 години | 31,6 |
| Од 30 до 39 години | 18,4 |
| Од 40 до 49 години | 16,7 |
| Од 50 до 65 години | 22,5 |
| Над 65 години | 10,8 |
| Етничка припадност | |
| Македонска | 67,0 |
| Албанска | 25,6 |
| Турска | 2,8 |
| Ромска | 2,0 |
| Српска | 1,2 |
| Влашка | 0,5 |
| Бошњачка | 0,2 |
| Друго | 0,7 |
| Образование | |
| Основно или помалку | 18,2 |
| Средно | 50,3 |
| Вишо/ високо | 31,5 |
| Место на живеење | |
| Рурално | 40,0 |
| Урбано | 60,0 |

| Работен статус | % |
|---|---|
| Вработен со полно работно време | 37,9 |
| Вработен со скратено работно време | 5,4 |
| Невработен / технолошки вишок | 18,7 |
| Домаќинка | 9,7 |
| Студент / ученик | 12,1 |
| Пензионер | 15,5 |
| Друго | 0,7 |
| **Социјален статус (самоперцепција)** | |
| Можам да купам сè што сакам | 6,1 |
| Можам да купам нешто повеќе од неопходното | 27,7 |
| Можам да го купам само неопходното | 50,2 |
| Не можам да го купам дури ни неопходното | 13,8 |
| Не знае / одбива да одговори | 2,2 |
| **Регион** | |
| Скопски | 29,0 |
| Југоисточен | 9,0 |
| Источен | 9,0 |
| Североисточен | 9,0 |
| Вардарски | 7,0 |
| Југозападен | 10,0 |
| Полошки | 16,0 |
| Пелагониски | 11,0 |

# ПРИЛОГ 3. СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ – ЈАВНИ И ИНФОРМИРАНИ ЛИЧНОСТИ

| Етн. припадност | % |
|---|---|
| Македонска | 71 |
| Албанска | 12 |
| Српска | 6 |
| Друга | 12 |

| Професионален статус | % |
|---|---|
| Државна администрација | 6 |
| Политичар | 12 |
| Непартиска јавна личност | 18 |
| Новинар/медиумски работник | 24 |
| Граѓанска организација | 29 |
| Друго | 12 |

# ПРОФИЛИ НА ИЗДАВАЧИТЕ

МЦМС веќе 20 години е значаен актер на граѓанското општество во Македонија и во регионот, заснован на вредности и интереси и нивно застапување и влијание врз општеството. Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално. За исполнување на визијата, МЦМС ја дефинира својата мисија да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми, кои влијаат на другите чинители и кои се вклучуваат во главните текови.

МЦМС дејствува во секторите социјална кохезија (вработување, образование, дијалог и културна различност), локален и рурален развој, граѓанско општество и добро владеење. Од 1993 г. МЦМС спроведе повеќе од 65 програми со реализирани преку 1.500 проекти со вкупен буџет од 50 милиони евра.

ИДСЦС е граѓанска организација основана во 1999 година од група на интелектуалци собрани околу идејата за демократија, солидарност и цивилно општество. Долгорочните цели на Институтот се да работи на балансиран социо-економски развој, актив-на граѓанска вклученост и партиципативна политичка култура, како и остварување на либералните вредности во македонското општеството. Својата работа ИДСЦС првенствено ја заснова на социометриски истражувања и проектни активности. Веру-ваме дека човековиот капитал е главен предуслов за позитивна општествена промена и затоа посветено работиме на проекти за подобрување на капацитетите, преку трансфер на знаење и вештини.

# БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ



**Сашо Клековски** е роден во 1966 г. во Скопје. Завршил Медицински факултет во Скопје. Неговото искуство е дваесетгодишна работа на раководни позиции во граѓанскиот сектор. Во 1993 г. е еден од основачите, а од 1994 до 2011 г. е извршен директор на Македонскиот центар за меѓународна соработка. Предавач е на Универзитетот Американ колеџ Скопје. Водел повеќе истражувачки тимови. Автор е на над 20 истражувачки извештаи, анализи и други публикации, како и на блогот „Меѓутоа“. Тој е и колумнист за дневниот весник Нова Македонија.

# ПРОДОЛЖИ СО ЧИТАЊЕ

**Листа на публикации на МЦМС**
http://www.mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii.html

**Листа на публикации на ИДСЦС**
http://idscs.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=205&Itemid=93&lang=mk

**Листа на поврзани публикации**
http://www.mcms.mk/images/docs/2011/sporot-za-imeto-makedonija-2011.pdf
http://www.mcms.mk/mk/vesti-i-javnost/vesti/1002-stavovi-na-graganite-za-resenie-na-bilateralniot-spor-na-makedonija-so-grcija.html

**Како да се референцира**
Клековски, С. (2014) **Спорот за името - 2013** [интернет]. Скопје, МЦМС и ИДСЦС.
Адреса: <www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/istrazuvana/1514-sporot-za-imeto-2013.html> [Посетена на: датум и година].